Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 10.11.2025 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација за Обединета постапка за Измена и дополна на Генеран Урбанистички План за Град Штип за Урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01-дел, ЦЕ 04.01-дел со Детален Урбанистички План за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.) и важечки ДУП за УЕ бр.55 и 56 зона на образование и работна зона -Пребег, донесен со Одлука бр. 0701-189/1 од 18.02.2003 година; АУП за формирање на ГП $9.10_1$, $9.10_2$ и $9.10_3$, намена Г2-лесна индустрија од ГП. 9 и ГП.10 од ДУП„УЕ 55 и 56“(зона за образование и работна зона Пребег), Потврда за заверка 18-2818/2 од 16.06.2020 год.; ДУП за измена и дополнување на дел од „Индустриска зона“ УБ 52(УМ 1 и 2), донесен со Одлука бр.0701-771/1 од 15.04.2004 год. и 07-888/1 од 31.01.2013 год.; ДУП за СРЦ „Брегалница“, донесен со Одлука бр.07-5011/1 од 10.07.2014 год. и 09-8374/2 од 07.11.2016 год.; ДУП за С.Р.Ц „Брегалница“, донесен со Одлука бр.0701-2153/1 од 22.12.2004 год. и 08-3187/1 од 13.06.2019 год.; ДУП за дел од „Пребег“ со дополнување за парцели 39А, 39Б, 39В, 39Г, 40А и 40Б, донесен со Одлука бр.0201-1864/1 од 12.06.1980 год. и 0201-1926/1 од 08.07.1982год.; ДУП за дел од „Пребег“ донесен со Одлука бр.0201-1864/1 од 12.06.1980 год. не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација на Обединета постапка за Измена и дополна на Генеран Урбанистички План за Град Штип за урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01-дел, ЦЕ 04.01-дел со Детален Урбанистички План за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Активностите во оваа област ќе се насочат кон обезбедување на просторна функционална и обликувана целина на објекти и инфраструктура. Основна цел на Изменувањето и дополнувањето на Генералниот урбанистички план е да се преиспитаат планираните намени и да се планираат намени согласно можностите за развој и реализација на просторот, како и потребите на сопствениците на земјиштето. Основна цел на Деталниот Урбанистички План е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат со блокот како што е одредено со Генералниот урбанистички план за Штип 2014-2029, односно да се направи усогласување со ново планираните намени со Измената и дополнување на Генерален урбанистички план.Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план, со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри што се однесуваат на Урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01-дел, ЦЕ 04.01-дел, односно да се изработи Детален урбанистички план за дел од Блок С3.06, при што ќе се почитуваат и донесените Детални урбанистички планови за делови од Блокот. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класата А-домување, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура како и класи кои се компатибилни на основните класи. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на

влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина. Во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.УП 1 бр.18/24-301
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов